# Изречени мерки јавна опомена за ТВ КОМПАНИ 21-М и ТВ КЛАН МАЦЕДОНИА

**Скопје, 31 декември 2019 –** Советот на Агенцијата на 47-та седница одржана на 26 декември 2019 година, врз основа на констатации од извршени надзори каде е утврдено непочитување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе 2 Решенија за изрекување на мерки јавна опомена .

Врз ТВ КОМПАНИ 21-М мерка јавна опомена е изречена поради емитување поп-ап реклами на поделен екран меѓу кои не минал законски пропишаниот период од најмалку 15 минути.

На ТВ КЛАН МАЦЕДОНИА мерка јавна опомена е изречена поради емитувани пласирани производи без да биде јасно означено дека програмата содржи пласирање производи.

**Изречените мерки јавна опомена може да се преземат на следните линкови:**

ТВ КОМПАНИ 21-М – (член 98 став 2 од ЗААВМУ) – 31.12.2019

ТВ КЛАН МАЦЕДОНИА – (член 55 став 5 од ЗААВМУ) – 31.12.2019